ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 30.05.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Средба со претставници од Светска Банка

Денеска директорот на Фондот за здравствено осигурување Џемали Мехази оствари работен состанок со претставниците на Светската банка, г-ѓа Доерте Думеланд, сектор за намалување на сиромаштија и економски менаџмент, Бојан Шимбов, истражувачки аналитичар и со Ник Којучаров, економист за Европа и Централна Азија.

На средбата стана збор за за начинот на финансирањето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, предизвиците и плановите кои менаџментот на оваа институција ги има како клучен финансиер на здравствениот систем.

Директор Мехази изрази подготвеност за соработка не само со Светската банка, туку и со сите други институции кои се релевантни во подобрувањето на квалитетот на здравствениот систем во Македонија.

